

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**22.02.2012-Среда**

## ПРОТОКОЛ



### Состанок за почитувањето на законските одредби од угостителските објекти

Во рамките на Локалниот совет за превенција, а по иницијатива на градоначалникот на општина Гевгелија, денес е свикан состанок посветен на работното време на угостителските објекти во општината и присуството на малолетници во доцните вечерни часови. Ваквиот состанок на претставници на општина Гевгелија, ПС-Гевгелија, Основното јавно обвинителство, Државниот пазарен инспекторат, УЈП и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, произлезе по оценката на Локалниот совет на превенција дека има појави на непочитување на работното време на угостителските објекти, како и законските одредби за престој и точење алкохол на малолетни лица.



**22.02.2012-Среда**



## 50.седница на Советот на општина Гевгелија

Советот на општина Гевгелија на 28.02.2012 година (вторник), ќе ја одржи својата 50.седница со следниот дневен ред:

1.Извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2011 година.

2.Програма за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2012 година.

3.Извештај за работењето на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2011 година.

4.Програма за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2012 година.

5.Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година.

6.Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за усвојување План на Програми за развој за 2012 година со Предлог на План.

7.Предлог-Одлука за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на општина Гевгелија.

8.Предлог-Одлука за определување име на Фудбалското игралиште во Миравци.

9.Одлука за промена на називот и дејноста на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци"Миравци (давање на согласност).

10.Статут за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци (давање на согласност).

11.Предлог-Одлука за утврдување Нацрт-Урбанистички план за село Мрзенци Блок 1, општина Гевгелија за плански период 2011-2021 година.(одложена на седницата од 22.12.2011 год.).



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**22.02.2012-Среда**

12.Предлог-Одлука за определување на зони во градот Гевгелија и населените места во општина Гевгелија.

13.Предлог-Одлука за одредување вредност на градежно и земјоделско земјиште во градот Гевгелија и населените места во општина Гевгелија.

14.Заклучок за прекин на наставата во основните и средното училиште во деновите 7 и 8.02.2012 година. (потврдување на заклучокот)

Седницата ќе започне во 13 часот.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

## НАСТАНИ



### "Маратонците" на Прилепскиот театар успешно "трчаа" во Гевгелија

Прилепскиот театар синоќа во преполнетата сала на новиот Народен театар во Гевгелија гостуваше со култната комедија - претставата, „Маратонците го трчаат почесниот круг“, од Душан Ковачевиќ, во режија на Кирил Петрески.
Гевгелиската публика со голем аплауз ги награди прилепските актери, кои на интересен начин ја пренесоа приказната за семејството Топаловиќ и двојното сфаќање и прифаќање на смртта. Притоа, нагласувајќи дека и во денешни времиња смртта и погребите можат да бидат вносен бизнис.
За успешниот настап на театарската сцена во Гевгелија најзаслужни се актерите Петар Димоски, Димко Вандески, Трајче Иваноски, Најдо Тодески, Димитар Црцороски, Марија Спиркоска - Илијеска, Димитар Ѓорѓиевски, Зоран Иваноски и Цветанка Чавлеска, кои на интересен и впечатлив начин го претставија шестгенерациското постоење на погребничкото семејство.
Инаку, со гостувањето на Прилепскиот театар во Гевгелија продолжува почетната театарска сезона на новиот Народен театар во Гевгелија, но и соработката со македонските театри, кои во наредниот период ќе бидат гости во Гевгелија.

**22.02.2012-Среда**

## ИНФОРМАЦИИ



### Подобрување на комуналната инфраструктура

Подобрувањето на комуналната и патната инфраструктура, односно поквалитетно водоснабдување,проширување на канализационата и патната мрежа остануваат приоритети во општина Гевгелија и во оваа година. За таа цел, веќе се распишани тендери за изработка на основен и иведбен проект за долгорочно водоснабдување на Гевгелија и околните населени места кои со вода се снабдуваат од регионалниот водовод. Исто така, распишан е тендер за изградба и реконструкција на улиците и тротоарите и за доврлшување на патот до Хума.
Паралелно со ова се одвиваат и активностите за реализација на трите капитални проекти, чии бенефити нема да ги почувствуваат само жителите на општина Гевгелија, туку и во Југоисточниот плански регион и во пограничниот регион. Подготвителните активности околу тендерската документација за изградба на Пречистителната станица се завршени, а ќе се одвива во две фази. Наскоро од страна на Министерството за животна средина на РМ треба да биде распишан тендер за изградба на мост, приоден пат до локацијата и заштитна брана на објектот. Веднаш потоа треба да биде распишан и меѓународниот тендер. Значајно е што потребните 9,6 милиони евра за реализација на проектот веќе се обезбедени со договор меѓу владите на Швајцарија, Грција и Македонија, а швајцарските консултантски фирми веќе ја утврдуваат временската рамка за имплементација на проектот. Финишираат и подготовките за распишување на меѓународниот тендер за избор на најповолниот концесионер за изградба на Регионалната санитарна депонија во Југоисточниот плански регион. Исто така, заврши ја сите подготовки за поквалитетно водоснабдување за што од страна на KFW банката, во рамките на проектот кој се реализира во осум општини во земјата, е одобрен заем од 489.000 евра. Имплементацијата на овој проект веќе започна, а по првите состаноци на стручните општински тимови со странските конултанти и имплемнетатори бо тек е утврдувањето на приоритетите кои ќе се реализираат преку овој проект.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

ГЕВГЕЛИЈА

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН



ISO 9001
Q-1441

CERTIFIED IQNet MANAGEMENT SYSTEM

## 22.02.2012-Среда



### Јавен конкурс за Градски плоштад

Општина Гевгелија распиша конкурс за изработка на идејно решение за уредување на Градскиот плоштад воп центарот на Гевгелија.
Со донесувањето на ДУП за центарот на градот се создадени услови за изградба на нов Градски плоштад. За таа цел, распишан е конкурс за идејно решение на кој можат да учествуваат домашни и странски правни лица-регистрирани за оваа дејност, како и физички лица, државјани на РМ, дипломирани архитекти или студенти на архитектура. Првата награда за идејно решение на Градскиот плоштад во Гевгелија изнесува 90.000 денари, втората 60.000, а третата 30.000 денари.
Конкурсот е отворен до 23 март 2012 година, а објавен е на веб страната на општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk .



## 22.02.2012-Среда

# ОБЈАВИ



**Бесплатни совети за обновливи извори на енергија**

Во рамките на проектот „Прекугранична соработка во полето на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност“ продолжува со работа **Советодавното и информативно биро за бесплатни консултации од областа на Обновливи извори на енергија (ОИЕ).** Заинтересираните лица можат да го посетат Бирото на адреса „Маршал Тито“ бр. 60 во Гевгелија, каде што се наоѓа и седиштето на Проектот. Консултациите се извршуваат од експерт во рамките на ОИЕ и се бесплатни. Претставниците на целните групи ќе можат да добијат информации за: Законите од областа на енергетиката; административни процедури при инвестирање во секторот на ОИЕ во Р.Македонија и Р. Бугарија; за технологии кои користат ОИЕ; податоци за компании од Р.Бугарија и Р.Македонија кои работат во рамките на ОИЕ, како и за финансиски субвенции за ОИЕ.
Тел. број за контакт +389 34 215941, +389 78 327091

ГЕВГЕЛИЈА



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**22.02.2012-Среда**

## ДРУГИТЕ ЗА НАС

In press

**Општина Гевгелија ќе го уредува плоштадот(ИНПРЕС)**

Општина Гевгелија распиша конкурс за изработка на идејно решение за уредување на Градскиот плоштад во центарот на градот.
Со донесувањето на ДУП за центарот на градот се создадени услови за изградба на нов Градски плоштад.
За таа цел, распишан е конкурс за идејно решение на кој можат да учествуваат домашни и странски правни лица-регистрирани за оваа дејност, како и физички лица, државјани на РМ, дипломирани архитекти или студенти на архитектура.
Првата награда за идејно решение на Градскиот плоштад во Гевгелија изнесува 90.000 денари, втората 60.000, а третата 30.000 денари.
Конкурсот е отворен до 23 март 2012 година, а објавен е на веб страната на општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

